МАКЕДОНСКА ПРВА ЛИГА МАКЕДОНСКА ЖЕНСКА ЛИГА МАКЕДОНСКА ВТОРА ЛИГА МАКЕДОНСКА ТРЕТА ЛИГА

**КОМЕСАР ЗА НАТПРЕВАРУВАЊЕ**

**Кошаркарска Федерација на Северна Македонија**

ИЗВЕСТУВАЊЕ

Согласно техничките одредби за Куп натпреварувањето „Благоја Георгиевски - Буштур 2023“ кој е под покровителство на КФСМ, се формира трочлен Технички комитет во чиј состав влегуваат:

За машкиот куп:

1. Комесар за натпреварување, Александар Милојевиќ,
2. Претставник на КФМС, генерален секретар, Владимир Георгиевски,
3. Претставник од клубовите учесници на натпреварувањето, претседателот за Здружението на екипите од Прва лига мажи од КК „Гостивар“, Стојмир Дејаноски.

За женскиот куп:

1. Комесар за натпреварување, Александар Милојевиќ,
2. Претставник на КФМС, генерален секретар, Владимир Георгиевски,
3. Претставник од клубовите учесници на натпреварувањето, претседателот за Здружението на екипите од Прва „А“лига жени од ЖКК „Баскет Кам“, Јордан Цветановски.

Задачите на техничкиот комитет се:

- Проверка на салата, опремата и уредите согласно ФИБА кошаркарските правила,
- Ги одредува термините за натпреварите и евентуална нивна промена, согласно потребите за ТВ и слично,
- Разгледува и донесува одлука за жалба во прв степен,
- Одредува казни за играчите, тренерите, помошните тренери, службените претставници како и за службените лица (делегати, судии и помошни судии) кои што ги прекршиле кошаркарските правила, пропозициите за натпреварување, правилник за натпреварување и дисциплинскиот правилник на КФСМ,
- Доколку некој од прекршоците не е регулиран со актите на КФСМ, ќе се применат актите на ФИБА,
- Одредува казни за неспортско однесување пред и по завршетокот на натпреварот,
- Проверка на примената на регулативите за употреба на рекламите,
- Членовите на техничкиот комитет своите одлуки ќе ги донесуваат врз база на делегатските извештаи како и од лично присуство на натпреварите, видео снимки од натпреварите, согласно актите на ФИБА и ФИБА Европа,
- Работата на техничкиот комитет завршува со одредување на завршниот распоред на натпреварувањето и изготвување на завршен билтен.

Комесар за натпреварување,

Александар Милојевиќ